# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2017 година,**
**со извештај на независниот ревизор**

| Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје | Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг | Дрезденска бр 52 1000 Скопје Македонија | Тел: + 389 (02) 3066-604 Тел: + 389 (02) 3061-185 Факс:+ 389 (02) 3094-919 |
|---|---|---|---|

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО УПРАВНИОТ ОДБОР И СОБРАНИЕТО НА ГС1 МАКЕДОНИЈА

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ГС1 МАКЕДОНИЈА за 2017 година, и тоа: билансот на состојба, билансот на приходи и расходи и белешките кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ГС1 МАКЕДОНИЈА е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ГС1 МАКЕДОНИЈА за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ГС1 МАКЕДОНИЈА. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ГС1 МАКЕДОНИЈА заклучно со 31 декември 2017 година и резултатот на финансиските активности за годината што заврши на тој датум во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Скопје, 26 март 2018 година

Овластен ревизор

Љупчо Пецев

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Љупчо Пецев

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за периодот 01 јануари - 31 декември 2017 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи | 4 | 11.110 | 11.175 |
| Камати | | 1 | 1 |
| Вишок на приходи од претходна година | 5 | 6.593 | 6.533 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **17.704** | **17.709** |
| **РАСХОДИ** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Расходи за вработените | 6 | -6.630 | -6.951 |
| Останати тековни расходи | 7 | -3.831 | -3.367 |
| **Вкупно** | | **-10.461** | **-10.318** |
| **Капитални расходи** | 8 | **-82** | **-755** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **-10.543** | **-11.073** |
| **Вишок на приходи пред оданочување** | | **7.161** | **6.636** |
| Данок на непризнаени расходи | | -61 | -43 |
| **НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНАТА ГОДИНА** | 5 | **7.100** | **6.593** |

Овие финансиски извештаи се потпишани на 26 март 2018 година и предложени на Управниот одбор за одобрување

**Извршен директор**

**Слаѓана Милутиновиќ**

**Белешките содржани од страна 8 до 17 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на 31 декември 2017 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 917 | 1.307 |
| Материјални средства | 9 | 10.462 | 10.931 |
| Останати долгорочни средства | | - | - |
| **Вкупно** | | **11.379** | **12.238** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 10 | 1.324 | 1.468 |
| Останати краткорочни побарувања | 11 | - | 192 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 12 | - | - |
| Активни временски разграничувања | | 420 | 407 |
| Парични средства | 13 | 7.088 | 5.785 |
| **Вкупно** | | **8.832** | **7.852** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **20.211** | **20.090** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Деловен фонд | | 11.379 | 12.238 |
| Останат капитал | | - | - |
| **Вкупно** | | **11.379** | **12.238** |
| **Вишок на приходи над расходи за пренос во наредната година** | 5 | **7.100** | **6.593** |
| **Долгорочни кредити** | | **-** | **-** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 14 | 443 | 51 |
| Останати тековни обврски | 15 | 267 | 16 |
| Краткорочни финансиски обврски | | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 16 | 1.022 | 1.192 |
| **Вкупно** | | **1.732** | **1.259** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **20.211** | **20.090** |

**Белешките содржани од страна 8 до 17 се составеи дел на овие финансиски извештаи**

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ
**за периодот 01 јануари - 31 декември 2017 година**

**2017 година**

| во илјади денари | Деловен фонд | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|
| **Состојба, 01.01.2017 година** | **12.238** | **-** | **12.238** |
| Набавка на основни средства | 82 | - | **82** |
| Набавка на нематеријални средства | - | - | **0** |
| Амортизација на основни средства | -551 | - | **-551** |
| Амортизација на нематеријални средства | -390 | | **-390** |
| Расход и продажба на основни средства | - | - | **0** |
| Исправка и усогласување | - | - | **0** |
| **Состојба, 31.12.2017 година** | **11.379** | **-** | **11.379** |

**2016 година**

| во илјади денари | Деловен фонд | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|
| **Состојба, 01.01.2016 година** | **12.356** | **-** | **12.356** |
| Набавка на основни средства | 755 | - | **755** |
| Набавка на нематеријални средства | 19 | - | **19** |
| Амортизација на основни средства | -473 | - | **-473** |
| Амортизација на нематеријални средства | -418 | | **-418** |
| Расход и продажба на основни средства | - | - | **0** |
| Исправка и усогласување | -1 | - | **-1** |
| **Состојба, 31.12.2016 година** | **12.238** | **-** | **12.238** |

**Белешките содржани од страна 8 до 17 се составен дел на овие финансиски извештаи**